РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК
ГАЛИЧИЦА
бр. 02-723
26.9.2014
ОХРИД

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), Директорот на Јавната установа Национален парк Галичица на ден 25.09.2014 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ „Предлог измени на планот за управување со Национален Парк Галичица за период 2011-2020 година", кој го донесува Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како засегнати од имплементација на планскиот документ „Предлог измени на планот за управување со Национален Парк Галичица за период 2011-2020 година", се определуваат следните: Министерство за животната средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за култура, Министерство за локална самоуправа, Општините Охрид и Ресен, Национална комисија за УНЕСКО, Агенција за државни патишта, Агенција за планирање на просторот, ЕВН, Македонски телекомуникации, Комуналните претпријатија на општините Охрид и Ресен, невладини организации, сите засегнати според ЕСПОО Конвенција.

3. За планскиот документ „Предлог измени на планот за управување со Национален Парк Галичица за период 2011-2020 година", за чија изработка е одговорна Јавната установа Национален парк Галичица, а го донесува Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, донесувањето на планскиот документ „Предлог измени на план за управување со Национален Парк Галичица за период 2011-2020 година" ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија на измените во поглед заштита на компонентите на биолошката разновидност во планираните опфати (ендемични, заштитени и строго заштитени видови на растенија, габи и животни, засегнати типови живеалишта) во границите на Националниот парк Галичица; влијанија на предложените мерки и активности врз населението и човековото здравје; влијанија врз социо-економската состојба; влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени; влијанија врз води и почви; влијанија поврзани со управување со отпад; влијанија врз материјални добра; влијанија врз културно и историско наследство; влијанија од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Јавната установа Национален парк Галичица на следната веб адреса: www.galicica.org.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

бр. 02-723/26.9.2014
Охрид

дипл. правник Зоран Вељановски

ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОХРИД